Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 21 став 1 точка 44 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово, на четириесет и првата редовна седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**на Општина Валандово за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината во 2025 година**

**I.** Програмата за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината, има за цел да оддаде доследна почит кон делата и настаните што оставиле траен белег во македонската историја и имаат значење од интерес на земјата и општината Валандово.

**II**. Во текот на 2025 година ќе се одбележуваат следните значајни дати, настани и личности:

**4 Мај**

**121 години од смртта на великанот на македонското револуционерно движење – Гоце Делчев**

**Носител:** СОУ „Гоце Делчев“ Валандово
ООУ „Ј.Б.Тито“ Валандово-ПОУ „Гоце Делчев“ Пирава

**6 Мај**

**Меѓународен фестивал Хид Бах Шен Фест - Хидерлез**

**Носител:** Организационен одбор на фестивалот

**Ѓурѓовден, патрон на Манастир „Св. Ѓорѓи“, патрон на населените места Пирава и Брајковци**

**9 Мај**

**Меѓународен ден од победата над фашизмот (79 години од завршувањето на Втората светска војна)**

**Носител:** Комисија за спомен одбележување

**15 Мај**

**Св. Атанасиј – Патрон на Удово**

Крајот на месец мај или почеток на месец јуни

**„Фолк Фест“ Валандово**

**Носител:** Општина Валандово (Совет на фестивалот)

**12 Јули**

**Петровден - Патрон на град Валандово**

**<u>2 Август</u>**

**80 години од првото заседание на АСНОМ и 121 години од Илинденското востание**

**Носител:** Сојуз на борци
Комисија за спомен одбележување

**<u>28 Август</u>**

**Успение на Пресвета Богородица, патрон на Јосифово**

**<u>8 Септември</u>**

**Ден на независноста на Република Северна Македонија**

**Носител:** Комисија за спомен одбележување

**<u>11 Октомври</u>**

**Ден на востанието на македонскиот народ**

**Носител:** Сојуз на борци
Комисија за спомен одбележување

**<u>23 Октомври</u>**

**Ден на македонската револуционерна борба**

**Носител:** Сојуз на борци
Комисија за спомен одбележување

**<u>6 Ноември</u>**

**Ден на ослободувањето на градот и општината**

**Носител:** Комисија за спомен одбележување
Сојуз на борци

**IV.** Покрај настаните од точка II, Општина Валандово во текот на годината ќе се вклучи и во одбележувањето на годишнини од раѓањето или смртта на личности кои се земени како патрони на различни општински институции, настани од историјата на македонскиот народ што ќе бидат одбележувани од други институции, невладини организации како и патрони празници на сите останати населени места на подрачјето на Општина Валандово.

**V.** Финансиски средства за реализација на оваа Програма ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Валандово за 2025 година, во зависност од активностите што ќе бидат реализирани.

**VI.** Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Совет на општина Валандово
Претседател
Владимир Марков